ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
**ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА)** **0800 33 222**
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 05.05.2011

# ДЕМАНТ

На текстот „Фондот им станува Хитлер на матичните лекари“ од страна на Ирена Мулачка во дневниот весник „Шпиц“

Во врска со тотално невистинитиот текст објавен во весникот каде се напаѓа институција која обезбедува и купува здравствени услуги, лекови, ортопедски и санитетски помагала, надомест на плата во случај на боледувања и породилни отсуства на 1.902.945 осигурени лица, а се штити една „анонимна матична лекарка на која и е раскинат договорот“ , ФЗОМ заѕеде став дека новинарката би требало да сноси правна одговорност поради искажаните невистини.

Оваа договорна година,во која заедно со Лекарската комора се усогласуваа ставовите и одредбите од договорот, казните за матичните лекари се преполовија во однос на претходната година и ако ова создава револт, тогаш за што се залагаше Комората, здруженијата и Фондот. За овој податок, што повеќе пати е објавен од сите засегнати страни и медиуми, организирани се прес-конференции и давани изјави, а има и официјални соопштенија објавени во различни информативни изданија.

Минатата година, од 1640 тимови на матични лекари, раскинат им е договорот 15 кои наплатувале пари иако прегледот е бесплатен, не ја отворале ординацијата т.е. не работеле со пациенти, а земале пари од ФЗОМ за тоа, издавале боледувања без придржување кон законските критериуми за истото.

ФЗОМ би сакал да истакне дека, како и досега, и во иднина ќе продолжи да работи согласно законските прописи, се со цел да се заштитат правата на осигурениците за кои се грижи оваа институција.

ФЗОМ јасно и гласно го прашува весникот„Шпиц “ кого штити?

Оние кои работат спротивно на законите, прописите и договореното со Лекарската комора и здруженијата на лекари и ФЗОМ или СИТЕ други лекари во Република Македонија.

Бранко Аџигогов
Портпарол